СТОМАТОЛОШКА КОМОРА
НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-1447/1
13.11 2018 год
СКОПЈЕ

**Записник од продолжение на изборно-конститутивна седница на СКМ одржана на 14.06.2018**

Претседателот на Собранието на Стоматолошка комора на Македонија, д-р Оливер Мансиев, констатираше присуство на 38 делегати и согласно член 25 од Деловникот за работа на Собранието го стави на усвојување Предлог-дневниот ред.

Пред да се изгласа Предлог-дневниот ред, д-р Чесноски со процедурално прашање: Дали усвојување на записникот од претходната седница значи усвојување на сите четири записници од конститутивните состаноци или само на еден записник, од последната изборноконститутивна собраниска седница?

Претседателот на Собранието, д-р Оливер Манасиев, со објаснување дека усвојување на записникот значи усвојување на четирите претходни записници кои се водат како еден записник бидејќи се работи за продолжување на една истата конститутивна собраниска седница.

Доктор Чесноски со барање Предлог-дневниот ред да се дополни и со точка: разно.

Претседателот на Комората, д-р Денковски, објасни дека на конститутивна седница не се става точка разно, бидејќи конститутивните седници значат дека се исклучиво за конституирање на органи и тела на Комората после што седницата треба да заврши.

Претседателот на Собранието предлогот на д-р Чесноски го стави на гласање.

“За” дополнување на Предлог-дневниот ред со точка разно беа 16, против 16 а воздржани 6 делегати.

Предлог-дневниот ред едногласно усвоен и истиот стана Дневен ред:

ЗАПИСНИК

-Усвојување на записникот од конститутивната собраниска седница со сите нејзини продолженија.

Доктор Зоран Шушак со забелеша за записникот од продолжението на собраниската седница одржана на 08.05.2018 година во којшто стои забележано дека група делегати неоправдано отсуствувале на закажаната седница. Притоа, тој објасно дека при закажување на собраниската седница истата прво била закажана, па одложена. Ваквото закажување довело до забуна за тоа дали седницата ќе се одржи или не. Тој, лично, пратил два маил-ла и побарал гласање

Арх. знак 0201
Рок на чување 
13.11 2018 год.
Потпис,

за тоа дали седницата ќе се одржи или не, но не добил одговор од официјално лице задолжено за свикување на седниците.

Доктор Чесноски со забелешка по однос на записникот од 21.05.2018 во кој, во делот на неговото излагање наместо: "Според него, доставениот допис од претседателот на Собранието е дел на некаков договор и предложи, како гест на добра волја Комората да има тројца претседатели", побара да стои: "врз основа на која одредба од Статутот е направен таков договор, на што до денес не добив одговор".

Д-р Чесноски зема збор и во однос на предлогот за конституирање на Комората, каде што истакна дека во органите не се делегати кои го претставуваат над 60% од членството . Тој исто така кажа дека на пр. не се предложени претседател и подпретседател на РО Битола, претседател на РО Велес, подпретседател на РО Кавадарци, претседател и подпретседател на РО Кичево, претседател и подпретседател на Ро Охрид, претседател и подпретседател на РО Прилеп, подпретседател на РО Тетово, подпретседател на РО Штип, претседател на РО Центар, претседател и подпретседател на РО Карпош, претседател на РО Кисела Вода, претседател на РО Аеродром, претседател и подпретседател на РО Гази Баба, подпретседател на РО Чаир, подпретседател на РО Гостивар, односно вкупна бројка тоа се 24 делегати или во проценти 64% кои не се предложени во органите на Комората. Истотака, во однос на делот со Комисиите, д-р Чесноски истакна дека со 25 гласа, може да се гласаат Комисиите и ја напушти собраниската седница.

Записникот од изборно-конститутивната седница, со сите продолженија, едногласно беше усвоен со измени и дополнувања доставени од д-р Шушак и д-р Чесноски.

По усвојување на записникот дел од делгатите ја напуштија салата. Поради новонастанатата состојба, д-р Шушак побара пауза од 30 минути.

По завршување на паузата, во салата беше констатирано присуство на 26 делегати.

Д-р Зоран Шушак, со образложение дека поради револт, определена група делегати ја напуштиле собраниската седница, побара одложување на седницата и нејзино презакажување.

Претседателот на Комората, на барањето на д-р Шушак за презакажување на продолжениeто на конститутивната седница одговори со констатација дека за да се одложи собраниска седница на предлагачот му е потребна поддршка од десет делегати. Притоа, беше констатирано дека предлагачот нема поддршка од десет

колеги. Затоа, претседателот на Комората предложи, доколку Собранието има кворум за работа, седницата да продолжи, по што и Др Шушак ја напушти седницата.

Откако беше констатирано дека во салата во моментот се присутни 25 делегати седницата продолжи.

1.Избор на двајца заменици на претседателот на Комората.

Претседателот на Собранието му даде збор на претседателот на Комората кој истакна дека за жал, не се подобрува состојбата. Потсети дека изборот за делегат во Собранието на Комората значи дека тој колега е избран да ги застапува интересите на РО од кој доаѓа и интересите на членовите на Комората.

Доктор Денковски потенцираше дека при изготвување на листите на комисиите и на тела и органи е правено во консултација со регионите на СКМ и дека места во работните тела и органи им се понудени и на колегите од групата што ја напушти седницата, но тие не за жал и на негово чудење за постаката и неразбирање на иста не ги прифаќаат. Притоа, истакна дека во списокот со имиња на членови на комисиите и телата има места на кои стојат прашалници што всушност значи дека се слободни, не пополнети места на кои секако може да влезат сите оние кои се заинтересирани за работењето во телата и органите на СКМ. Претседателот истакна дека и пред самиот почеток на седницата имало допис со барање од еден РО на СКМ со нивни барања кои, иако биле доставени пред самиот почеток на седница, ќе бидат земени предвид и според барањето на РО ќе и има членови во комисиите и телата.

Претседателот на Комората нагласи дека не смее да се одлага изборот на органите, телата и комисиите, дека Комората мора да функционира, што е од интерес на целото членство.

Д-р Денковски објасни дека за избор на замиництите на претседателот на Комората, согласно член 37 од Статутот на СКМ (се избираат од редот на членовите на Комората со мнозинство гласови од вкупниот број делегати во Собранието, на предлог на Претседателот на Комората, со јавно гласање) и изборот на комисиите согласно член 50 и 51 од Стаутот, може да се спроведе доколку постои присуство на седницата на повеќе од половина од вкупниот број на делегати со просто мнозинство при гласањето.

Во тој момент беше констатирано присуство на 25 делегати на Собранието. На предлог на Претседателот на Комората, со јавно гласање, согласно член 37 од Статутот, едногласно беа избрани двајцата заменици на претседателот на Комората, д-р Ќенан Ферати и д-р Коста Изов.

ОДЛУКА

Согласно член 37 од Статутот и член 24 од Деловникот за работа на Собранието на Стоматолошка комора на Македонија, Собранието на Комората со присутни 25 делегати од кои 25 гласаа “за”, ги избра двајцата заменици на Претседателот на Комората.

За заменици на на претседателот на Комората се избрани д-р Ќенан Ферати и д-р Коста Изов.

Поради напуштање на седницата и на дотогаш присутна Др Јанкуловска изборот на членови на Извршен одбор кој се спроведува согласно член 29 од Статутот, се одложи за следната седница.

Претседателот на Комората, д-р Маријан Денковски, побара и колегите да земат учество во толкувањето на статутарните одредби по однос на изборот на телата и органите на СКМ и повторно нагласи дека мора да се земе предвид дека на д 150 од колегите не може да подигнат лиценца за работа од февруари 2018 година.

Претседателот на Собранието, во тој момент констатираше присутво на 24 делегати.

Претседателот на Собранието, д-р Манасиев, ги прочита одредбите од Статутот во кои се наведени постапките за избор на постојани комисии на Комората.

Доктор Оливер Манасиев нагласи дека согласно член 50 и 51 од Статутот треба да се избере Комисијата за стоматолошка етика и деонтологија во чија надлежност е спроведувањето на издавањето, продолжувањето и одземањето на работните лиценци, што е едно од основните јавни овластувања на Комората.

За изборот на Комисијата за етички прашања делегатите дискутираа и за можни алтернативни решенија за кои ќе треба да се земе предвид став на правно лице.

Доктор Борис Стојанов побара од колегите од РО Прилеп да дадат свој придонес за разрешување на проблемот со етичката Комисија и издавањето на работните документи.

Доктор Круме Чесноски кој тогаш повторно влезе во салата, побара да му се каже за што е дискутирано на седницата во времето додека тој бил излезен од седница.

Д-р Манасиев му даде информација дека било констатирано присуство на 25 членови на Собранието, што е мнозинство од вкупниот број на делегати, со што биле исполнети условите, согласно член 37 од Статутот да се гласа за двајца

замници на претседатели на Комората. Доктор Изов и д-р Ферати биле едногласно изгласани.

По нивниот избор, во салата останале 24 присутни членови на Собранието на СКМ, со што не можел да се спроведе и изборот на комисиите на СКМ или ИО на СКМ.

Во моментот во салата се присутни 26 делегати – 24 присутни од претходно и тогаш влезените д-р Круме Чесноски и Дафина Богеска.

Доктор Манасиев продолжи со објаснување на прашањето на д-р Чесноски дека во прашање е избор на етичка Комисија која е важна за сите колеги за да може да си го реализираат правото на подигнување на работната лиценца, дека треба да им се излезе в пресрет на колегите и побара поддршка од двајцата тогаш влезени во салата делегати.

Доктор Чесноски повторно им се обрати на присутните делегати и кажа дека како РО Прилеп, очекуваат да функционира Собранието на СКМ и дека го почитуваат Собранието. Притоа, истакна дека во материјалите за собраниската седница не добиле листа со имиња за избор на тела и органи на Комората. Како што заклучи тој, станува збор за проблем и дека Комирата не може да работи вака. Истакна дека тоа е проблем и во делот на јавните овластувања. Притоа ги наведе сите отсутни претседатели и потпретседатели на регионите на Комората кои во моментот не се присутни во салата. Што, како што кажа тој, 65% од фелата отсуствува од седницата. Повторно истакна дека листа за тела и органи делегатите не добиле и дека поради тоа е излишно да гласаат за комисиите, телата и органите на Комората, по што пак ја напуши седницата .

Доктор Денковски кажа дека процентот на отсутни што го навел колегата Чесноски не е точен, дека има колеги кои се оправдано отсутни. Тој истакна дека етичката Комисија, согласно Статутот, во кој не стои каков вид на мнозинство е потребно за избор на оваа Комисија, може да се избере и додаде дека има едно место отворено за колегите кои ја напушптиле просторијата во која се одржува седницата и кои може да дадат свој предлог со што Комисијата ќе брои пет члена. Доктор Денковски нагласи дека за изборот на Комисијата за етички и правни прашања ќе побара и правно толкување од правници експерти и од правниците од Министерството за здравство на РМ.

Д-р Нунев, акцентираше дека доколку оваа Комисија не се избере Комората ќе си направи проблем и наведека дека неговите колеги од регионот веќе имаат проблеми со обновувањето на лиценците што укажува од итноста од ибор на Комисијата.

Доктор Дафина Богеска кажа дека се прекршени многу процедури од самиот старт а не само со лиценците, дека стоматолозите имаат и егзистенционални проблеми и го повтори прашањето зошто до делегатите не е пуштен материјал со листа на предложени членови за тела и органи на СКМ.

Претседателот на Собранието, предлогот на Претседателот на СКМ за членови на Комисијата за стоматолошка етика и деонтологија го стави на гласање. По спроведеното гласање беше констатирано дека од присутни 25 делегати "за" избор на Комисијата гласале 24, против нема, а еден делегат – Дафина Богеска одби да се изјасни.

ОДЛУКА

Согласно член 50 и 51 од Статутот на Стоматолошка комора на Македонија, Собранието на Комората со присутни 25 делегати од кои 24 гласале "за", еден делегат – Дафина Богеска одби да се изјасни, на предлог на Претседателот на Комората ја изгласа Комисијата за стоматолошка етика и деонтологија во состав :

Д-р Горанчо Колевски (претседател)

Д-р Зумри Емурлаи (член)

Д-р Снежана Стојмановска (челн)

Д-р Горан Златаноски (член)

По изборот на Комисијата за стоматолошка етика и деонтологија седницата повторно ја напушти Др Дафина Богеска по што од како се утврди дека нема кворум за работа Др Манасиев ја затвори седницата и соопшти дека за продолжение делегатите ќе бидат информирани навремени.

Записничар:
**Јасминка М. Јанева**

Стоматолошка комора на Македонија
**Претседател**
**Д-р Оливер Манасиев**